Врз основа на членот 12 став (1), а во врска со членот 158 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 44/11 и 51/11), претседателот на Собранието на Република Македонија, на 4 октомври 2011 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА САРАЈ**

I

Се распишуваат предвремени избори за градоначалник на општина Сарај.

II

Изборите ќе се одржат на 18 декември 2011 година.

III

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на решението во „Службен весник на Република Македонија“.

IV

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија и Општинската изборна комисија.

V

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 08 - 4146/1
4 октомври 2011 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Трајко Вељаноски